ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков ББ
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: + 389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15 – 322/10

Дата: 17.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на депозитната сметка (696) на Министерство за правда за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Министерство за правда за 2016 година ревизијата изрази мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија на финансиските извештаи на сметката 696 за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата на финансиските извештаи.
Законскиот застапник на министерството за правда не достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 15 – 322/3 од 28.02.2018 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на депозитната сметка (696) на Министерство за правда, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на депозитната сметка (696) на Министерство за правда за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Министерство за правда застапувано од:
- д-р Аднан Јашари – министер до 05.04.2016 година и
- Валдет Џафери – министер од 05.04.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.“

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01/09/2017 до 31/12/2017 година кај Министерство за правда од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Максим Ацевски - помошник на главниот државен ревизор и ОДР;
- Бранислав Гулев - раководител на ревизија и ОДР;
- Росица Шалевиќ - Христовска - самостоен ревизор и ОДР;
- М-р Сашо Матески - ревизор и ОДР и
- Даниела Тодоровска - помлад ревизор и ОДР.

## 3. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за правда на ден 31 декември 2016 година, како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 4. Останати прашања

Во текот на 2016 година од буџетската депозитна сметка на министерството извршени се расходи во износ од 3.059 илјади денари по основ на правосилност на пресуди и одлуки на ЕСЧП. Расходите се исплаќаат на име досудени износи на штета на Република Македонија, а во корист на апликанти и нивни правни застапници кои покренале постапки пред ЕСЧП. Постапките пред ЕСЧП за кои во 2016 година е извршена исплата се покренати поради неразумна должина на парнична и кривична постапка, како и прекршување на правила и повреда на права во парнична постапка. Со Закон за извршување на одлуките на ЕСЧП е регулирано дека Извршувањето на одлуките на ЕСЧП се обезбедува со исплата на досудените средства на жалителите како правична отштета и усвојување и преземање на поединечни и општи мерки, заради отстранување на повредата и последиците кои настанале од истата, како и на причините што довеле до поднесување на жалби пред Судот и соодветно спречување исти или слични повреди.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2016** | **2015** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.119 | 3.758 |
| Трансфери и донации | 2.842 | 5.313 |
| **Вкупно приходи** | **4.961** | **9.071** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Субвенции и трансфери | 3.059 | 6.229 |
| **Вкупно тековни расходи** | **3.059** | **6.229** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **3.059** | **6.229** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.902** | **2.842** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2016** | **2015** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.902 | 2.842 |
| Активни временски разграничувања | 1.868 | 2.808 |
| **Вкупно тековни средства** | **3.770** | **5.650** |
| **Вкупна актива** | **3.770** | **5.650** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.868 | 2.808 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.902 | 2.842 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3.770** | **5.650** |
| **Вкупна пасива** | **3.770** | **5.650** |